Новинари и претставници на граѓански организации беа дел од студиската посета во Романија што ја организираше МЦМС во периодот од 19 до 21 октомври 2016 година. Програмата опфати средби и разговори во институциите кои се занимаваат со борба против корупцијата како и граѓански организации и новинари ангажирани со овие прашања.



Тие имаа можност да се сретнат и да разговараат со Лаура Кодрута Ковеси, главната обвинителка на Националниот директорат за антикорупција , со претставници на Националната агенција за интегритет
и на Агенцијата за управување со одземен имот.

Освен тоа, имаа средби и во Експерт форум и во Центарот за независно новинарство
каде разговараа за тоа што прави граѓанскиот сектор и новинарите во Романија во борбата против корупцијата.

Низ разговорите, учесниците се обидоа да ги споредат институциите и нивната ефикасност во борбата против корупцијата. Тие изразија задоволство од можноста да бидат дел од студиска посета.

Новинарски приказни од студиската посета:

- Нова: НОВА во Романија: Катица Јанева да истрае во борбата со криминалот
- Нова: Како Романија ги сотре корумпираните политичари и тајкуни
- Призма: Романското СЈО ја цица крвта на корумпираните политичари
- Телма: Поддршка од „романската Катица“ за СЈО – Интервју со обвинителката

Лаура Ковеши